РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО
Бр. 10-354/1
06.03. 2017 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 9-д од Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Макеонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16 и 31/16) и член 8 став (2) од Уредбата за посебните услови, начинот и постапката за добивање на одобрение за летање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/13, 131/15 и 131/16), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

# О Д Л У К А

## за утврдување на Редот на летање за летната сезона 2017

1. **СЕ УТВРДУВА** Редот на летање на сите редовни превозници кои летаат до и од Република Македонија за IATA летната сезона на летање 2017 односно периодот од 26 март до 28 октомври 2017 година. Редот на летање е даден во Прилог, кој е составен дел на оваа одлука.

2. Превозниците вршат редовен јавен воздушен превоз во меѓународниот воздушен сообраќај врз основа на меѓународни договори што ја обврзуваат Република Македонија, Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16 и 31/16) и Законот за облигациони и стварно правни односи во воздушниот сообраќај ("Службен весник на Република Македонија" бр. 85/08, 148/11, 10/15, 150/15 и 173/15) и другите прописи кои важат во Република Македонија.

3. Превозниците се задолжуваат согласно член 37 став (3) од Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15 27/16 и 31/16 ) да доставуваат месечен извештај за редовноста и уредноста на воздушниот сообраќај до Агенцијата за цивилно воздухопловство којштo треба да содржи податоци за реализирани летови, број на превезени патници и други информации потребни за следење на воздушниот сообраќај.

4. Превозниците ќе бидат предмет на SAFA инспекции од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство, согласно Договорот помеѓу Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Македонија и EASA и Правилникот за вршење на инспекциски надзор на јавен воздушен превоз („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/14 и 16/17) во кои се транспонирани соодветни ЕУ прописи за вршење на SAFA инспекции.

5. Превозниците вршат редовен јавен воздушен превоз во меѓународниот воздушен сообраќај врз основа на важечките прописи за патничките права

и ќе бидат предмет на инспекција од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Македонија согласно Правилникот за начинот, правилата и посебните услови за вршење на надзор на заштитата на патничките права во воздушен сообраќај, како и посебните услови кои треба да ги исполнува лице за да врши работи на инспектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 215/16)

6. Врз основа на оваа одлука Агенцијата за цивилно воздухопловство ќе издаде посебни одобренија за летање на сите странски превозници наведени во Прилог на оваа одлука.

7. Непридржувањето кон горенаведените задолженија ќе биде основа за повлекување на дадените одобренија за летање.

8. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе отпочне да се применува од 26 март 2017 година.

**Директор**
**Горан Јандреоски**

Доставено до:

1. Turkish Airlines;
2. Austrian Airlines;
3. Air Serbia;
4. Croatia Airlines;
5. Adria Airways;
6. Edelweiss Air;
7. Wizz Air Hungary;
8. Pegasus Airlines;
9. Fly Dubai;
10. Qatar Airways;
11. Czech Airlines;
12. Germania Flug AG и
13. Thomas Cook Airlines.

Подготви: ЕА ____________
Одобри: ЗА ____________
Согласен: ВЃ ____________